**З А П И С Н И К**
**од 4- тата вонредна седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на 08.01.2025 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 22 члена на Советот.

Најпрво се гласаше за оправданоста причините за свикување на седницата .По гласањето се утврди дека од 22 присутни со 22 гласа „за“ беше констатирана оправданоста.

Потоа ја отвори 4-тата вонредна седница на Советот на Општина Велес, која започна во 14:20 часот.

Претседателот на Советот ја прочита точката која е предложена во следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1.Одлука за утврдување времен режим на сообраќајот во град Велес(реконструкција на мостот на река Вардар кај „Башино село“ .

Дневниот ред се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 22 присутни членови на СОВ со 22 гласа „за“, истиот се усвои.

Се премина кон расправа на точката

**ТОЧКА 1.Одлука за утврдување времен режим на сообраќајот во град Велес(реконструкција на мостот на река Вардар кај „Башино село“)**

Од страна на Градоначалникот и овластениот претставник на општинската администрација, Славче Велков беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа со дискусија и прашања.

За расправа со прашања се јавија: Трајче Миланов, Пандорка Лазаревска Прличкова, Димитар Абрашев, Игор Смилев, Александар Кукулев, Милица Ристовска Темелкова и Маргица Урумова.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник на општинската администрација и Градоначалникот. Кон одговорот се приклучи и Претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за'' се донесе Одлуката за утврдување времен режим на сообраќајот во град Велес(реконструкција на мостот на река Вардар кај „Башино село“.

Седницата беше закажана за во 13:30 часот, започна со работа во 14:20, а заврши во 15:25 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 25-
2025 година
Велес